# Универзитетски гласник - анекс

*Издавач*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

**Одлука**
за давање согласност ..................................... 2

**Правилник**
за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за сточарство и рибарство - Скопје (Анекс бр. 28) ..................................... 2

Врз основа на член 103, став 1, алинеја 8 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 208, став 1, алинеја 20 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа, на 280. седница одржана на 24.4.2023 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за давање согласност**

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за сточарство и рибарство – Скопје (Анекс бр. 28).

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Ректор**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**

Врз основа на член 17, став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, бр. 199/14, бр. 27/16, бр. 35/2018 и бр. 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/2019 и бр. 14/2020), член 113 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 44, став 1, точка 13 од Статутот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019 и бр. 645/2023), Научниот совет на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 82. седница одржана на 6.12.2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за сточарство и рибарство - Скопје (Анекс бр. 28)**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Институт за сточарство и рибарство – Скопје (Анекс бр. 28), бр. 02-21/1 година, донесен на седницата на Научниот совет одржана на 25.1.2021 година (Универзитетски гласник бр. 551/2021) (во понатамошниот текст: Правилник).

Во целиот текст на Правилникот се усогласува називот на Институтот и гласи: „Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во согласност со Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Институтот за сточарство и рибарство во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 645/2023).

Член 2

Во членот 6, бројот „25 (дваесет и пет)" се заменува со бројот „39 (триесет и девет)".

Во табелата од истиот член 6, во колоната „систематизиран", за нивото В1, бројот „1" се заменува со бројот „12", за нивото Г1, бројот „9" се заменува со бројот „11", за нивото Г3, бројот „2" се заменува со бројот „3" и за „Вкупно", бројот „25" се заменува со бројот „39".

Член 3

Во Прилог 1, Табеларен приказ на работни места на наставниот кадар, за работното место со реден број 4, за звањето

„асистент истражувач", се менува број на извршители, така што бројот „1" се заменува со бројот „12".

За работното место со реден број 5, за звањето „виш лаборант", се менува бројот на извршители, така што бројот „9" се заменува со бројот „11".

За работното место со реден број 6, за звањето „лаборант", се менува бројот на извршители, така што бројот „2" се заменува со бројот „3".

Член 4

Во Прилог 3, Преглед на наставен кадар по наставно-истражувачки области и центри, во шифра 1 – асистент истражувач – бројот на извршители (систематизирани) од „1" се менува во „12" и во вкупно, бројот „1" се менува со бројот „12".

Во истиот преглед, во шифра 1 – виш лаборант – бројот на извршители (систематизирани) од „9" се менува во „11", во шифра 2 – лаборант – бројот на извршители (систематизирани) од „2" се менува во „3" и во вкупно, бројот „11" се менува со бројот „14".

**Член 5**

Во Прилог 3, Табеларен преглед на работни места, во ниво – наставен кадар, во колоната „систематизиран", за нивото В1, бројот „1" се заменува со бројот „12", за нивото Г1, бројот „9" се заменува со бројот „11", за нивото Г3, бројот „2" се заменува со бројот „3" и за вкупно, бројот „25" се заменува со бројот „39".

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник, а ќе се објави по добиената согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директор
**Проф. д-р Родне Настова, с.р.**